РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЈАН АМОС КОМЕНСКИ
Бр. 09-997/5
12.11. 2025 год.
СКОПЈЕ

**ООУ„ Јан Амос Коменски“ Скопје**

# КОДЕКС
# НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Врз основа на член 9 од Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта Број: 12-10853/1 од 04.08.2025 година на Министерка за образование и наука на РСМ, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците при ООУ „Јан Амос Коменски—Скопје, Општина Карпош на 12.11.2025 година изработи

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## I

**Цел**

Овој кодекс има за цел да обезбеди безбедно културно и дисциплинирано однесување на учениците за време на организирани ученички екскурзии, излети, културни настани, спортски манифестации и други вонучилишни активности надвор од училиштето.

## II

**Општи правила**

Учениците се должни достојно да го претставуваат своето училиште;

Забрането е консумирање алкохол и други недозволени супстанции;

Забрането е нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и на несување на материјална штета на местата кои ги посетуваат;

Учениците се должни да **го** почитуваат распоредот, програмата и упатствата утврдени од училиштето и одговорните наставници/раководители

За време на активностите учениците мора да бидат **во** групата и да не се оддалечуваат без дозвола.

Учениците задолжително да ги почитуваат соучениците, наставниците, туристичкиот водич и сите други лица вклучени во организацијата;

III

**Безбедност**

Во автобус или друго превозно средство учениците седат на своите места со задолжително користење на безбедносните појаси (доколку ги има)

Не е дозволено стоење, трчање викање или отворање на прозорци без дозвола на возачот/наставникот

На локациите кои се посетуваат, учениците се придржуваат кон правилата за движење и безбедност.

IV

**Чување на имотот**

Учениците се должни да го чуваат имотот на превозникот, хотелот/објектот, музеите и сите други институции кои се посетуваат.

Доколку ученик намерно предизвика штета родителот/старателот е должен да ја надомести **истата**.

V

**Одговорност на учениците**

Учениците да внимаваат на сопствените лични работи (телефони, смарт часовник,новчаник, куфер и друго) бидејќи училиштето не сноси одговорност за загубени предмети поради невнимание научениците.

Учениците да ги информираат наставниците за секоја промена на здравствената состојба.

VI

**Дисциплински мерки**

Во случај ученикот за време на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности не **го** почитува горе наведениот Кодекс, Наставничкиот совет му изрекува на ученикот педагошка мерка во зависност од прекршувањето и непочитувањето кое го направил, со можност за забрана за неучество на наредните на екскурзии, излети и други вонучилишни активности

VII

**Завршни одредби**

Врз основа на овој Кодекс, родителот/старателот на ученикот потпишува Изјава дека при изведувањето на ексурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот. Потпишаната Изјава се предава на одделенскиот раководител најдоцна три дена пред изведувањето на ексурзиите, излетите , ексурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците.

**Изработиле**:

Татјана Јанкуловска - директор

Соња Казакова – педагог

Дијана Стевковска – наставник по одделенска настава

Александра Р. Георгиев – наставник по одделенска настава

М-р. Златица Апостолов – наставник по одделенска настава

Билјана Д. Стојанова – наставник по одделенска настава

Велибор Бубулевски – наставник по одделенска настава

Ивана Јошевска – наставник по одделенска настава

Викторија Чалоска– наставник по одделенска настава

Горан Ташовски– наставник по одделенска настава

Ољга Георгиевска– наставник по одделенска настава

Живка Пројчевска– наставник по одделенска настава

Ирена Буклеска– наставник по одделенска настава

Александра Гацоска– наставник по одделенска настава

Јадранка Георгиевска– наставник по математика

Сузана Јакимовска-– наставник по географија

Рада Стаменкоска– наставник по математика

Петар Старделов– родител

Светлана Софеска– наставник по математика

Марија Златановска– наставник по музичко образование

Александра Николовска– наставник по физичко и здравствено образование

Каролина Јачовска– родител

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „СКОПЈЕ"